# МАКЕДОНСКИ ОСТЕН

ВЕСНИК ЗА ХУМОР И САТИРА • ГОДИНА II • БРОЈ 8 • ЈУНИ 2009 • 30 денари



ГОРАН ЌЕЛИЧАНИН

## И НА НАЈГОЛЕМИТЕ БЕКРИИ КОГА-ТОГАШ ЌЕ ИМ УДРАТ ФАЈРОНТ!

АФОРИЗАМ: ИВАН КАРАДАК

# СЕЛО БЕЗ КУЧИЊА

## Ќ А Р

- Сотире, да ти е мерак со црквиве и џамиите на Плоштадот. Алал да и е на нашата Влада.

- Филип, на овие години што подалеку од црквите. Може ненадејно да рикнеме, и...

- Де бе, како Сем Вакнин си, само на бељи мислиш.

- Ако рикнеме има да не носат во црква а не во џамија. Што ќе ми е џамија.

- Како што бе Сотире?! Во црква ќе се крстиш а во џамија има сунет да правиш.

- Сунет?! Што ќе ми е сунет на овие години?!

- Баш затоа. На овие години тоа е единствен начин некој да те фати за ...

**Т. В**

## ШЕКСПИР

- За кого гласаше?
- За Шекспир!
- Молам? Па, Шекспир е мртов веќе...
- Не е точно! Од аспект на трагедиите во секој наш политичар се крие по еден Шекспир!

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

## ТРАНСФОРМАЦИЈА

Море се изначудив на глупоста на Европјаните!?! Слушам на телевизија: пола Европа фрла пари на пластични операции за промена на полот. Демек - со пластична операција, за 20.000 евра, од машко те прават женско. И како не им е срам на Европа нас да нé не прима кога сме од нив понапредни?! Кај нас, некои мажи, трансформацијата ги чини бадијала. Ќе се кандидираат на избори, влегуваат во Собрание и оп - за кратко време стануваат КУРВИ.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

## КОЛАПС

- Стојко! Македонија е во колапс.

- Што ти е тоа колапс?!

- Види вака. Тоа ти е нешто како... Одиш, одиш... и пред тебе провалија.

- Па тоа не е никаков проблем за нашата Влада.

- Како никаков бре Стојко. Провалија пред неа.

- И како ќе го реши тој проблем?!

- Убаво. Нашата Влада вакви проблеми ги решава... во ȍд.

**Ѓорче ПЕТРОВСКИ**

**ОД МНОГУ МАФТАЊЕ ГО РАСПАРТАЛИВМЕ ЗНАМЕТО.**

**Ефтим ГАШЕВ**

**ЦЕЛИОТ СВЕТ Е ЕДНО ГЛОБАЛНО СЕЛО. ПОТЕМКИНОВО.**

**Грујо ЛЕРО**

**Јордан ПОП-ИЛИЕВ**




## СПАС

- Во надојдениот Вардар паѓаат лидерите на власта и лидерите на опозицијата...

- Значи сепак Господ постои!

- Ти можеш да спасиш еден.

- Нема шанси.

- Можеш да спасиш еден. Кого ќе спасиш: лидерите на власта или лидерите на опозицијата?

- Македонија?!!

- Како?

- Ке ги оставам и едните и другите да се удават.

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

**МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ ТРЕБА ДА БИДЕ ПЕДЕР! ЗА ДА МОЖЕ ДА ЈА „ПРИМИМЕ“ ПОМОШТА ОД ЕУ.**

**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**




Слободан ОБРАДОВИЌ



Кети РАДЕВСКА

# ДА ТЕ ПРАШАМ

**Кинески ѕид**
- Што ќе се случи кога со главите в ѕид ќе удрат СДСМ-овец и ВМРО-овец ?
- Ќе направат од ѕидот Кинески ѕид.

**Идентификација**
- Знаеш ли зошто политичарите за време на кампањата одеа од куќа на куќа?
- Предвреме ги идентификуваа жртвите!

**Господин**
- Не ми е јасно зошто Албанците не гласаа за Ѓорге Иванов?!
- За да направат господин од него!

**Помош**
- Веруваш ли дека Господ може да ни помогне?
- Се разбира! Не е залудно лидер на нашата партија!!!

**Виножито**
- Ништо од виножитото над Македонија...
- Зошто?
- Целата се обои во портокалово!

**Обоеност**
- Перице, какво е небото?
- Портокалово учителке.
- А реките и езерата?
- Портокалови!
- А морињата и океаните?
- Сини учителке!
- Реките и езерата портокалови а морињата и океаните сини,зошто?
- Затоа што кај нас нема мориња и океани учителке. Да имаше после изборите и тие ќе беа портокалови!

**Пасо**ш
- Замисли од есен сите ќе можеме да патуваме по Европа слободно без визи.
- Значи сите ќе добиеме дипломатски пасоши?!

**Крстење**
- Слушам и ти си ја подржувал идејата за црква на плоштадот?
- По се она што е направено на плоштад крајно време беше таму да има објект во кој ќе се крстат луѓето откако ќе видат што направивме од плоштадот.

**Тајна**
- За кого гласаше на изборите?
- Тоа е државна тајна.
- Зошто?
- Ми ветија дека од мене ке направат државен службеник.

**Доцна**
- Од есен ќе можеме да патуваме каде сакаме по Европа без визи и...
- Доцна ќе биде.
- Зошто?!
- Како што тргнала кризата од есен не ќе можеме да користиме ни градски превоз.

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

# ЛАЖАТ КОГА НИ ЈА КАЖУВААТ ВИСТИНАТА

**Атанас КРЛЕВСКИ**

# АПЧИЊА ЗА ЗДРАВИ

Ај што си го пуштиле мозокот на пасење
ама бидете свесни дека постојано ве молзат...

Кога по пет векови чекање
му дојдоа неговите пет минути
заборави што треба да направи.

Тешко на оние каде за високи цели
се залага – подземјето!

Додека на свадбата улогата на кумовите
е сé помала, во животот е сé поголема.

Кој сака да ја загрози туѓата иднина
сигурно нема расчистено со своето минато.

Пред определувањето на правилата
редовно прво се определува.

Со лаење само песот може
да се надева на подобро утре.

Сè почесто опачината
ни се прикажува како лице.

Кога ќе се спомне правдината
сите фаќаат кривина.

**Георги ХАЏИ - ВАСКОВ**




**Саша ДИМИТРИЈЕВИЌ**




**Кети РАДЕВСКА**

# АЛЕКСАНДАР ФИРОМСКИ

**ИВАН РУСЈАКОВ**

Како што е веќе добро познато, нашата држава веќе подолго време има проблем со влегувањето во НАТО и во Европската Унија и тоа само заради еден банален услов: да си го промени името. Еден од најголемите проблеми притоа бил и тој што скопскиот аеродром сме го крстиле Алекдандар Велики. Тоа значело дека најголемиот светски војсководец сме сакале да го направиме Македонец, а тој за Грците бил само и само - Грк! Дека тоа нема врска со фактите доказ е дека тој не е познат како Александар Грковски, туку како Александар Македонски.

Е, сега, сосема поинакво станува барањето на Грците во сите документи Македонија да биде именувана како - ФИРОМ! Од наш аспект гледано, во најлошиот случај би излегло дека најголемиот војсководец на овие простори и на сите времиња би требало соодветно да се нарече Александар - Фиромски!

Навистина е смешно до каде може да нé доведе погрешната политика на нашиот јужен сосед. Или пак кај нив постои љубомора зошто нашето име да остане исто, кога нивното Елада, никој од надвор не го применува во никаква комуникација, туку едноставмо се вели: Грција, Грис и слично.

Затоа драги комшии одлучете се: или и понатаму ќе се зборува за познатиот Александар Македонски од Македонија или ќе стане голема збрка со новонаименуваниот - Александар Фиромски! Но, во наши балкански услови и ова не би претставувало преголемо чудо, бидејќи приближно такво име и презиме веќе има еден мој комшија, кој всушност и ми ја даде оваа за нормални услови глупава идеја за ваквото прекрстување!

# КАКО НА ДРЖАВАТА ДА И ТРГНЕ КОГА СТАНУВА ГАЗЕЧКИ.

**Ефтим ГАШЕВ**

# ПАРЛАМЕНТАРНИ СКАКУЛЦИ

Барак Обама пред американската јавност го престави своето куче. Кај нашите политичари преставувањето на кучињата оди тешко! Нашите политичари по правило работат со - глутници.

Нашиот чичка нов претседател, Ѓорѓе Иванов, по се изгледа навива за името да ни биде Северна Македонија. Исправно. Името ќе ни одговара со климата во државата.

Некои наши политичари, онака во кулоари, шепотат дека треба да имаме две имиња. Едно за светот, а Грците нека не викаат како сакаат! Не се сложувам со ова. Бидејќи знам дека Грците ќе ни се обраќаат со - Педери.

Уставниот суд ја укина Одлуката за часови по веронаука во училиштата. Паметно. Во нашата земја и онака секој се крсти во оној што може да му сврши некоја работичка.

Дури 90% од македонските политичари јавно признаваат дека додека не стапнаа на високи функции - редовно постеа. Секоја чест за искреноста и многу паметно. Кој е будала, кога е на власт, да пости!? Доаѓањето на власт е шанса човек да се - омрси.

Владата знае дека административците во здравството подигнаа наград од двестотини илјда евра. И треба да се наградат. Благодарение на нивната работа, бројот на пациенти во здравствените установи се зголеми. Буквално - тие го разболеа народот.

**Сотир МАЗГАЛОВСКИ**



**Горан НОВАКОВ**



# ДЕНОВИ ЛИ СЕ ДЕНОВИ

**Миле ЃОРЃИЈОСКИ**

**Лотарија**
Македонија е една од ретките држави каде што нема лотарија. Тука животот е лотарија.

**Асоцијација**
Нешто ми е сомнителна посветеноста на Гувернерот Гошев по секоја цена да го брани курсот на денарот. Дали тоа првиот монетарец целата своја заштеда ја има во македонски денари?!!

**Бестселер**
Се очекува нова кампања со која ќе се подига свеста на населението да чита повеќе книги. Со оглед на ситуацијата за мнозина вистински бестселери меѓу книгите е тоалетна хартија.

**Откажување**
Спласнува кампањата за раѓање повеќе деца. Нема пари за контрацептивни средства. Време е да се откажеме од сексот. Не се исплаќа.

**Заштитен знак**
Министерот за образование Перо Стојановски направи толку утки во реформските зафати во образованието па, крајно време е да побара утките да бидат со закон заштитени. Што ти е политиката? Едно животно тред истребување стана статусен симбол на образованието.

**Деца**
Според Живко Чинговски тужбата од ЕВН може да заплаши само деца. А според годините што ги имаат  нашите министри, констатацијата е точна и на место.

**Пример**
Министерот Перо Стојановски со своето однесување во последно време води антивладина кампања за популаризирање на образованието. Ако тој како министер мора да оди по градови и да фрла лопата со каква ли физичка работа треба да се занимаваат идните интелектуалци за да си го заработат лебот?!!

**Лижење**
Помеѓу другото „Фершпед“ ја изгуби лиценцата и поради неколку лижавчиња. Поминаа времињата кога се правеше бизнис со лижавчиња. Џабе ти се лижавчиња кога незнаеш каде да лижеш.

# СТАРИТЕ ГИ ДРЖАТ СИТЕ КОНЦИ ВО РАЦЕТЕ. НА МЛАДИТЕ ИМ ОСТАНУВА ДА СЕ ЗАДОВОЛАТ СО ИГЛА.

**Раде ЈОВАНОВИЌ**

## МОЗОЧНА КАЛДРМА

Затворете ја устата! На народот му кркорат цревата.

Оние што прават Бајрам со паметот не одат на Курбан.

Знаеме од каде смрдат работите. Ни го свртеа грбот.

Си го имаат крстот на челото. Се крстиме поради нив.

На слепците сите им земаат мерка од око.

Полтронот и кога го држат в скут - живее во облаци.

На земја не газат. Затоа и кантар не ги мери!

Не вртат нов лист. Се плашат да не ги прочитаме.

Сѐ е подмачкано. Затоа и сѐ чкрипи.

Сметаат на народот. Бројат на прсти.

Не знаат од каде смрди. Затоа и ни го лижат задникот.

**Наташа ЃОРЃИЈОСКА**



**Горан ЌЕЛИЧАНИН**




**Јордан ПОП-ИЛИЕВ**

## ФИЛУВАНО ОД РИСТОС

Еве компромис!
Европска Република Македонија.

Да не му веруваме на огледалото.
Да се погледнеме во очите на Европа.

Кај нас вистината најчесто
излегува од Телевизорот.

И Америка крена раце од нас.
Кому ќе кренеме сега нозе.

Отиде НАТО... отиде и ЕУ.
Сега ќе отиде и визната либерализација.

Тие ни го свртеа грбот.
Знаат дека народот не е баш во форма.

Го прогласија за перверзен.
Упорно ја бараше голата вистина.

Чудно! Толку јалови дискусии,
а ситуацијата толку обременета!

Прислушкувањето е легално.
А свирењето на цревата никој не го слуша.

**Ристо ФИЛЧЕВСКИ**

# ИВАНИЗМИ

Најзадоволни од претставата
беа оние што ја издаваа салата!

За правење на кич-претстави полесно се наоѓаат пари и сали!

Статистички гледано полесно е да бидеш космонаут отколку патник во ГСП!

Аман, дозволете барем еднаш пукањето на пролетта да биде природна појава!

Со годините во бракот најсекси поза станува качувањето на партнерот на глава!

Да му работеше бојлерот како што треба, немаше да поправа - бојлери!

Му падна камен од срцето кога се увери дека уште не му е паднат...!

Од сите вредности на магарето најмногу му се памети - инаетот!

Најголемото искушение на пратениците е во - имунитетот!

**Иван РУСЈАКОВ**

# СТАМЕНИЗМИ

И Александар Македонски бил хомосексуалец, тврдат оние, кои ги онадувал.

Заборавија што е пенетрирање, откако се зафатија со политичко онанирање.

Сексуално необразовани ни ја дупат државата, а ние им аплаудираме.

Секој коњ се сложува да биде политичко магаре, ако ние му го држиме - стапот.

Од сексуална преобразованост
се стори хомосексуалец.

Ја исправија неправдата.
И тој ќе користи породилно отсуство.

Го открил "Бермудскиот тријаголник",
ама падна на испитот по - географија.

Неправда! Јас ги правам децата,
а жена ми ќе зема пензија.

Учениците ги надминаа сопствените професори по сексуално воспитание. Си воведоа практична настава.

**Стамен ГЕОРГИЕВСКИ**

САТИРИЧНИ ПРИКАЗНИ

## ТРОТИНЕТ

Мојата баба купи тротинет. Повторно се во мода, и ја потсетуваат на детството. Само, не е тоа главна причина на купувањето. Баш се веселеше на големата промена, и она да проживее некоја година во благосостојба. Впрочем, многу пати и сама шеташе, свиркаше. Го заслужи тоа.Неодамна, меѓутоа, слушна дека тие силни ветувања и не се баш така блиску како што тврдеа. А таа е стара и нема многу време. Затоа купи тротинет. Да побрза во пресрет на ветената иднина.

## ВЕСНИЦИ

Ништо без сигурни весници. Јас имам неколку такви примероци. Со години ги чувам. Сеуште се цели иако секој ден ги земам во раце. Колку само досадни муви со нив сплескав, колку опасни оси, одвратни бубачки! Понекогаш и глувче со нив ќе млатнам. Него, навистина, не го убивам веднаш, туку го зашеметувам и тогаш е лесен плен. Кога ќе нафатам доволно за еден оброк, ги оставам весниците на сигурно место. Никогаш не ловам повеќе отколку што можам да изедам. Жал ми е храната да се фрла додека милиони луѓе во светот гладуваат. А и весниците да не ги уништувам. Кој знае дали сеуште печатат вака сигурни.

**Ѓорѓе ОТАШЕВИЌ**



**Јован ПРОКОПЉЕВИЌ**

# МАЗОХИСТИТЕ УЖИВААТ. ПОДОБРА ВЛАСТ НЕ НИ МОЖЕА ДА СОНУВААТ.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

# МОЈАТА ЗЕМЈА НАЈМНОГУ ЈА ИЗВАЛКАА ОНИЕ КОИ „ПОШТЕНО“ ЈА ОЧИСТИЈА.

**Васил ТОЛЕВСКИ**

# МУЗИКА ЗА ГЛУВИ



**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**

Во земја на која сите и се смеат,
на народот не му е до смеење!

Ни недостасува лидер! Знаев дека
не ни се сите овци на број.

Односите со соседите
ни се затоплуваат.
Не подготвуваат за кремирање.

Меѓу народот нема ни збор
за говор на омраза!
Народот не смее ниту да писне.

Полицискиот инспектор
не јаде ќебапчиња.
Мелeното месо го замрази
на работното место.

Мојот народ е како бело глувче.
На Европа му служи
за експерименти.

Не ни пречи глобалното
затоплување.
Ние и онака се чувствуваме
како да сме на Сибир.

Тешко се воочува разлика помеѓу
дебил и глупак!
Ене, погледајте го пратеникот
во задната клупа.

# ГОЛА ВИСТИНА



**АЛЕКСАНДАР ЧОТРИЌ**

Ако Господ постои,
тогаш верувам во него.

Сé отиде по ѓаволите
бидејќи ѓаволот дојде по свое.

Каин го уби Авељ.
Убиството е најстариот занает.

Кога ќе ги прекрстиш рацете,
ни Господ нема да ти помогне.

На нашите духовни овчари
не им се сите кози на број.

Толку е грешен, што и местото
во рајот го обезбеди на измама.

Политичар пред три месеци
отиде да се исповеда во црква
и сеуште не се врати.

Кога видов колку има коњи,
знаев дека ќе не водат многу
повеќе од четири јавачи на
апокалипсата.

Алах е најголем! Жими крстот!

Ја украдов Библијата од книжара.
само за да проверам дали во неа
навистина пишува “Не кради!”

# НИЗ ИГЛЕНИ УШИ



**МИЛЕ ЃОРЃИЈОСКИ**

Бевме на местото на злочинот.
Гласавме.

Знам кој ни подметна јајца.
Оние што кукаат.

Што дека сме музикална нација
кога не ни е до песна.

После гласање нема каење.

Во политиката коњите се
обложуваат на народот.

Парадокс: и кога му свират цревата
го употребуваат како инструмент.

На надуените
сите им се трн во очите.

Ги започнаа демократските
промени. Дадоа царство за коњ.

Не ќе ја спуштат топката
оние што на земја не газат.

Жена ми е на диета.
Ја затеков во креветот
со вегетаријанец.

Има нос за политика.
Знае пред кого да го затне.

**Горан ЌЕЛИЧАНИН**



**Кети РАДЕВСКА**



# ДЕМОКРАТИЈАДА



**АЛЕКСАНДАР БАЉАК**

Хитлер многу ја сакаше војната
и затоа секаде ја водеше.
Ја поведе и на пат околу светот.

И Хитлер е жртва на нацизмот.

Му подигнавме споменик
во природна големина и со тоа
го намаливме значењето
на неговата појава.

Ние немаме централен затвор.
Кај нас затворот е многу
поширок поим.

Телефонскиот именик е роман
во кој нема главни ликови.
За да не ги вознемируваат
читателите .

Режимскиот писател не пишува
лесно бидејќи има тешка рака.

Критичарите мртвиот диктатор
така го растурија, што тој ниту
ден-денес не може да се состави.

И после Тито-Тито!
Ете што доживеа Броз.

Мртвиот диктатор сите го критику-
ваат. Не му даваат око да отвори.

# МИСЛИ БЕЗ ПРОТОКОЛ

**ИВАН КАРАДАК**

Од сите борби што сме ги воделе
во историјата, најдолго ни трае
борбата - за гол живот!

Дедовци, чувајте си ги внучињата.
да има кој да ви ги плаќа
– долговите!

Политичкиот јазик во Македонија
стана совршен. Можеш цел живот
да зборуваш, а да не кажеш – ништо!

Порано на окупаторот
му објавувавме војна.
Сега му објавуваме – тендер!

Кај нас криминалот е високо
котиран труд, а трудот е
– криминално!

Кога ние балканците ќе се
зближиме, секогаш не разделуваат
– меѓународните сили!

Не постои шанса што ние
Македонците не би можеле да ја
– прокоцкаме!

Не валкајте си го јазикот.
Кога – тогаш ќе треба
да си го вратите – в уста!

Ние мислевме дека не водат
за да – живееме, а тие мислеа
дека живееме, за да не – водат!

# ДОСКОКНУВАЊА

**РАДЕ ЃЕРГОВИЌ**

Некрологот
е мртва буква на хартија.

Полицијата е исчистена
од секаква идеологија.
Тепа кого стигне.

Убиецот се врати на местото
на злосторството, каде што е
дочекан со највисоки почести.

Толку слепци а никој да земе
гусли во рацете.

Ќе расчистиме со силите
на темнината. Набавивме свеќи.

Подобро е да се менуваат
партиите отколку жените.
Не се плаќа алиментација.

Некогаш ги водевме неврзаните.
Сега од нас и слепците бегаат.

Не ме интересира подоброто утре.
Имате ли нешто за денес?!

Косово е српска лулка
во која приспивната се пее
на странски јазици.

Позади мене стои правна држава.
Ја чувствувам цевката на тилот.

Ми зедоа мерка а за модел
не ме прашаа.

Саша **ДИМИТРИЈЕВИЌ**






Костадин **УСТАПЕТРОВ**

# МАКЕДОНИЈА ИМА ГОЛЕМ ПОТЕНЦИЈАЛ. ИМА ПРЕКУ 2.000.000 ПОТЕНЦИЈАЛНИ БЕГАЛЦИ.

Васил ТОЛЕВСКИ

## АРИТМИЈА

И слободата е со рок на употреба!

Канибалистите се еманципираа.
Се служат и со нож!

Во тиранијата слободно е
само да си роб!

Животот е во јајцето,
а ние во сматокот!

Кога би ме присилиле
на татковината да и го сменам
името, би ја нарекол Голгота!

Кодошот е великодушен.
Сѐ некого носи на душа!

Смртта го гарантира правото
на живот!

Проститутките се чесни суштества.
Тие го продаваат само своето
тело!

Полицијата ни е родољубива!
И фрлила око на патриотите!

Во циркусот аплаузот не е за
лавот, туку за дресерот!

**Ефтим ГАШЕВ**

# НАЈМНОГУ БРАЧНИ НЕВЕРСТВА ИМА ВО ПОЛИТИЧКИТЕ БРАКОВИ.

**Иван КАРАДАК**

## ПРИКАЗНА СО ЦРН ФЛОР

**СЛОБОДАН СИМИЌ**

Тоа утро сите нас не потресе тажна вест. Ненадејно, во текот на ноќта, од чиста мира и без видливи причини ни умре Србија! После првиот шок сите моравме да се сложиме дека тоа и не е некакво изненадување. Србија долги години беше во депресија. Лоше се хранеше, тешко живееше, едвам составуваше крај со крај. Потоа имаше исклучително тежок живот. Се роди во крв, целиот свој живот го помина во буни и војни, немаше ниту момент на мир. И приватниот живот и беше несреден. Повеќе пати се разведуваше, немаше среќа во љубовта, многумина ја оставаа и лажеа. Дури и нејзините граѓани бегаа од неа кога ќе им се укажеше прилика за тоа. Тешкиот живот и бројните стресови доведоа до трагичен крај, заклучивме ние. Цел ден еден на друг си изјавуваме сочувство. На крајот ги повикавме и Гробарите.

- Нема да може! – изјавија по детално премерување.

Не ни беше јасно.

- Вашата Србија по должина и широчина е 88361 квадратен километар - ни појаснија Гробарите. – А вие моментално имате некаква сецесија, па ќе ви останат 77474 квадратни километри.

Се најдовме во непријатна ситуација.

Немаме земја да ја закопаме сопствената земја.

Така да ќе мора да ја кремираме...

## КРЛЕВИЗМИ

Човечкиот род е во криза – животните веќе формирале кризна група.

Какво време дојде-метереолозите да го погодуваат сто насто.

Некои години ги запомнуваме
по тоа што сме ги заборавиле.

Конечно фати чекор со времето –
го навива градскиот часовник.

Времето работи за винариите.

Видов колку е часот
и одлетав во друга часовна зона.

Кај нас секоја средина е малку лево.

Во средината, како и да се завртиш,
задникот ти е мета.

Само за одредени кругови средината е центар.

**Атанас КРЛЕВСКИ**

*(Од најновата книга **КРЛЕВИЗМИ**, издадена 2009 година во МАКЕДОНСКА РЕЧ)*



**Горан ЌЕЛИЧАНИН**

# ЌЕ НЕМА СВЕЖИ ИДЕИ ДОДЕКА ПОСТОЈАТ ГОСПОДА СО ИЗМИНАТ РОК

**Бошко ПЕРИНСКИ**

# БАЛКАНСКА АФОРИСТИЧАРСКА РАПСОДИЈА

* Бевме подготвени за борба до последен, ама тој не издржа!
* Да не горевме во борбата, одамна би ни се изгаснаа огништата!
* Жртвите не можат да се пожалат. За нив водевме најголема грижа.
* Да не се жртвите, војната ќе нема смисол!
* Да не поминавме како боси по трње, тоа ќе беа јуначки рани!

**Весна ДЕНЧИЌ**

* Полесно беше кога комунистите беа на власт. Сега секоја будала лаже и краде.

**Срѓан СИМЕУНОВИЌ-СЕНДАН**

* Се победив себе си! Срамота од кого загубив!
* Со помош на медиумите, во оваа земја владеат мртовци!
* Југославија е гробница на српскиот народ. Во Босна ниту еден народ не е запоставен.
* Владата ќе не поттурне. Значи дека најлошото е позади нас!
* Употребувајте презервативи за да не ве тепаат вашите деца!

**Бојан БОГДАНОВИЌ**

* Најздравба диета е да ја запазите диетата на зборување.
* Ако не си задоволен од себе, подај жалба до татко ти.

**Веселин ЗИДАРОВ**

* Ако веќе се навредуваме и ти си пратеник!
* Кај нас, подземјето е највисокиот општествен слој.
* Ние сме ниту на небо ниту на земја затоа што се тие во подземјето.

**Ѓорѓе ЛАТИНОВИЌ**

* Блазе на оние кои живеат од денес до утре и на пензионерите. Нема долго.
* Ја ценам стоката. Во неа нема политичари.

**Живко ВУЈИЌ**

* Афоризам? Со еден збор, тоа е долга приказна.
* Бедата е голема. И судиите примаат пари.

**Живојин ДЕНЧИЌ**



**ВЕСЕЛИН ЗИДАРОВ**

* Органите на редот ги откри полицијата. Знаев дека крадците се полициски изум.
* Го изгубија во мир тоа што не го опљачкаа во војната!
* Како и да ги фрлиш нашите политичари се дочекуваат на избирачкото тело.

**Екрем МАЦИЌ**

* Првобитната акумулација на капиталот во БиХ се спроведува во мандатот.
* Ја олесни државата. Како патриот товарот го задржа за себе.

**Суно КОВАЧЕВИЌ**



* Мито е име без презиме.
* Организиран криминал е ланец без катанец.
* Има многу водачи чии имиња треба да се на слепи улици.

**Даница МАШИЌ**

* Лагата не успеа да побегне, бидејќи беше на штаки.
* Нашите дедовци и татковци градеа, за ние да имаме што да рушиме.

**Ристо МАЛЕШЕВИЌ - РИМА**

* Ставете ги маските. Не можам да ве препознаам.
* Иако беше Марксова, улицата го расипа.

**Сенад ХОНИЌ - ХОНА**

* Човекот е како газот! Цел живот му се врти околу газот.
* Тешкото крадење се истовара зад решетки.
* Тој немаше страв. Му го дадоа.

**Абдурахман ХАЛИЛОВИЌ - АХИЛ**

* Народот го избра своето. Така и му треба.

**Ненад ЌОРИЛИЌ**

* Да се избегне неделото, тоа е херојско дело.
* Не убиваат во поим, ама тоа не го викаат геноцид!

**Зоран МАТИЌ - МАЗОС**

* Во земја на голи и боси, најдобро успева Саем на еротика.
* Кукурикањето го имитирате одлично, ама зошто не ни осамнува?!

**Радивоје Рале ДАМЈАНОВИЌ**

* Не гласав за коњот. Тоа не е мое ниво!
* Имам редовна столица. А ми ветија и фотеља.
* Повеќе не ми треба. А и моето ми го зедовте.

**Митар МИТРОВИЌ**

* Црногорски заповеди: Не, убивај! Не, кради! Не работи!
* Мораме да се убиваме меѓусебно. Наше главно оружје е кратка памет.

**Вељко РАЈКОВИЌ**

## КОСКА ВО УСТА

Во сите партии има гарнитури,
како кај мебелот.
Штета што не се добри за извоз.

Фудбалската играорна екипа НАРОД
е на дното на табелата,
се бори за опстанок.

Подобро препукување на седниците,
отколку пукање надвор.

Кога одговорните ќе одговараат
за својата работа, неодговорните
ќе станат одговорни.

Нормално е рударите да земаат мала плата,
затоа што ја поткопуваат земјата.

Невработењето е болест,
работата е најдобар лек за таа болест.

Бадијала се трудите,
не можете да ми го вратите
највредното – времето.

**Костадин УСТАПЕТРОВ**

## ДЕЛАНКИ

Треба да прифатиме име,
прифатливо за двете страни
– Грчката и Американската!

Лидерот на партијата презема
сè во свои раце.
Затоа си ги извалка рацете.

И поповите бистрат политика!
Господ да им е напомош.

Не викајте ме господин!
Едвај врзувам крај со крај.

Полтронот е како полжав!
Ползи и остава лигава трага.

Голата вистина ја прогласија
за порнографија!

Децата немаат право на глас,
ама вреди да се чуе нивниот глас.

**Димитри ЛЕШНИКОВСКИ**



**Горан ЌЕЛИЧАНИН**

# НА НАШИТЕ КОЊИ НЕ ИМ ТРЕБА САМАР! НЕ ЈАВААТ НА ГОЛО.

**Васил ТОЛЕВСКИ**




**Јордан ПОП ИЛИЕВ**

# БИКОВИТЕ НЕМА ШТО ДА НАУЧАТ ОД ВОЛОВИТЕ.

**Јасим МРКАЉ - КАДМУС**

# БАДИЈАЛА НИ ПОДМЕТНУВАТЕ НОГА. НИЕ НЕ ОДИМЕ НИКАДЕ

**Дејан ТОФЧЕВИЌ**

# И НА МРТВИТЕ МАКЕДОНИЈА ИМ Е НАД СÈ.

**Илија ИЛИЕВ**

# РАБОТАТА ГО СОЗДАДЕ РАБОТНИКОТ - НЕРАБОТАТА ПОЛИТИЧАРОТ.

Благоја СТАМАТОВСКИ



Кети РАДЕВСКА




Миро ГЕОРГИЕВСКИ

## СМС - АФОРИЗМИ

Владата се служи со сите средства за да дојде до средства.

Владиниот предлог доби на тежина. Затоа пропадна.

Србија обесштети еден Американец.
Нека се подготви другарот Ковачевиќ.

Пратеничката плата е надокнада за одвоен живот од избирачкото тело.

Каде владее глупоста,владата е технолошки вишок.

Каков нонсенс! Домашната криза е поголема од светската!

Цената на мозокот и јазикот се исти – во Парламентот и во месарница.

Во партиската држава партијата си игра сè додека државата не се изигра.

Ако е сматок, зошто се чукате со него?!

Ако партијата не се игра со живи фигури, бившиот премиер не би го жртвувал бившиот премиер.

Државната тајна најдобро ја чува министерот кој нема абер за ништо.

Откога е историјата наука, научните работници се повторувачи.

**Илија МАРКОВИЌ**

## ВЛЕЗ ВО УНИЈАТА

- Шефе готово е! - извика високиот комесар на Унијата одговорен за Југоисточна Европа (и специјално за Македонија).

- Што е готово? - праша неговиот шеф.

- Македонија го исполни и последниот услов за влез во Унијата и сега можеме да ја примиме.

- Го исполнија и последниот услов за прием?

- Да шефе. Го исполнија и последниот услов и сега имаат капитализам ист како нашиов, мислам, живеат исто како нас: вообразено, капиталистички... Додуша, го живеат Раниот капитализам, но капитализам си е капитализам, нели шефе?

- А имаш ли докази за тоа? - со неверување му се обраќа шефот на комесарот.

- Како немам шефе. Имам. стотици фотографии што ги снимив по тротоарите и парковите на Македонија. И како да не ги примиме кога веќе сто на сто живеат како нас: капиталистички. Еве погледајте: се гомно до гомно - кучешко, се разбира шефе.

**Тоде БЛАЖЕВСКИ**

# НА КРИМИНАЛЦИТЕ НА ВЛАСТ ИМ Е МНОГУ ПОТЕШКО ОТКОЛКУ НА ОБИЧНИТЕ. НИМ КРАДЕЊЕТО ИМ Е ПАРТИСКА ОБВРСКА.

Васил ТОЛЕВСКИ

# ЦРНОГОРСКО МЕЗЕ

На нашата страна немаше жртви. Сите загинати беа длабоко навлезени во непријателската територија.

Вистинските виновници се знаат. Дури и пријатели се.

Народот гледа сѐ. Нашата темница е ретка појава.

**ВЕЉКО РАЈКОВИЌ**

Кај нас одамна ништо не се случува, а и кога ќе се случи - на ништо не личи.

Бадијала ти е цврстиот став ако аргументот ти е мек.

Нема светот желба за секс колку што ние им се потураме.

**ВЛАДИСЛАВ ВЛАХОВИЌ**

Моравме да почнеме војна. Од љубов не се живее.

Мафијашите се убиваат од работа.

**ДРАГАН ДРИНЧИЌ**

Диктаторот падна, затоа што
не го слушна народното молчење.

Наполеон беше вистински џин од човече.

Оглас: Револуцијата бара жртви.

**ДРАГАН КОПРИВИЦА**

Денес е лесно да се биде чесен ама тешко е да се живее од тоа.

Некогаш народот дигаше востание,а сега секој дига што ќе стигне.

**МИЛАН - ДУГО КРИВОКАПИЌ**

Бевме ветена земја. Речено - сторено!

Дојдете утре! Зафатени сме со себе.

Сѐ признаваме: немаме ништо.

**ДЕЈАН МИЛИЧИЌ**

На своите грешки се учи, на туѓите се прави кариера.

Вака расцепкани добри сме само за потпалување.

Масовните гробници се собрани дела на водачите.

**МИЈО МИРАНОВИЌ - ГРОФ**

Се роди расипник. Ќе прооди и недвижнината.

Да се умре храбро - тоа треба да се доживее.

Законот на посилниот никој не го изгласа
ама појсилните го усвоија.

**ВЛАДИМИР МИЌКОВИЌ**

Тргнавме во темелна обнова на државата.
Затоа ги срушивме темелите.

Некои само во калта ги оставаат своите траги.

Нам и непријателите ни се мили.
Можеби затоа што ги наоѓаме во своите редови.

**ЗОРАН РАОНИЌ**

Правдата ќе победи. Недостижна е.

Штедиме на секој чекор. Затоа споро напредуваме.

Ние ништо не оставаме за утре.Сѐ изедуваме денес.

**РАДОМИР РАЦКОВИЌ**

Дека мислиме со своја глава се гледа по резултатите.

Се збогати преку ноќ, од онаа кога го смени мислењето.

Какви крадци се! Ме оставија без текст.

**ДЕЈАН ТОФЧЕВИЌ**

Народот е толку богат што не знае што е негово.

Многу сме изедначени. Никој не е најлош.

Тој има идеално мислење. Не се разликува од ничие.

**ИЛИЈА ЛАКУШИЌ**

Секој го продава она што не му треба. Ние продаваме памет.

Последна желба: природна смрт.

И тиранинот е човек. Ниту тој не е совршен.

**САВО МАРТИНОВИЌ**

Тој е човек од збор. Кога ќе почне да зборува -не престанува.

Виновникот е дома.Потерата продолжува.

Рамнотежата најмногу ја губат оние кои одат по линија.

**МИЛОРАД ЈОКНИЌ**

# ПЕЦКАЊА ОД БОСНА

Демократија е кога довчерашните питачи одредуваат
каде ќе спијат и што ќе работат довчерашните властодршци!

Тука секој ден се краде од сиромаштијата.
Тука Робин Худ е протеран уште 1990 год.

Во Босна и Херцеговина за да се биде политичар треба да се биде: необразовен, безобразен и мудар!

Не е тешко да се пишуваат книги.
Тешко е да се знае да се пишува!

Комунизмот пропадна. Дупката е доволно голема
и капитализмот да го направи тоа!

Власта на овие простори не е ништо друго
туку кал под нашите нозе.
А ние се лизнавме и пропаднавме во неа!

Босанско-херцеговска клетва.
Господ да даде да станеш политичар!

**Сабахудин ХАЏИАЛИЌ**

**Миро ГЕОРГИЕВСКИ**





## WEB- СТРАНИЦИ ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ

**За сите оние кои сакаат да соработуваат на полето на хуморот, сатирата и карикатурата, МАКЕДОНСКИ ОСТЕН им ги препорачува:**

***ЕТНА*** www.aforizmi.org/etna
(Весна Денчиќ) etna@dencic.com

***НОСОРОГ*** www.nosorog.rs.sr
(Горан Кљајиќ) nosorog@blic.net

***ЖИКИШОН*** www.zikison.net
(Зоран Матиќ-Мазос) zikison@zikison.net

***ПОЛИТИКА*** www.politika.co.yu
(Драгутин Миниќ Карло)
redakcija@politika.co.yu

# МИЛОСТИЈА

Темница на сите страни!
Некој темницата сé повеќе ја храни.

Затворени очи на сите страни!
Слепец слепци ќе брани.

На глави шлемови разни!
Во јавна куќа глави празни.

Ветија сонце и небеса сина!
Побргу ќе ни светне месечина.

Завршија игрите, а ни колачи нема!
Страв ни е–и темнината ќе ја снема.

**Петар ТЕВДОВСКИ**

# Н О Ќ

Очекувавме толкава ноќ.
По утрото денот се познава!

Ни дадоа одврзани раце.
Оковите ни се на нозете.

Од две зла ги одбравме оние на власта.

Ние најдовме излез.
Единствено ситуацијата е безизлезна.

Дека ред треба да има, стана воочливо
кога завладеа нередот.

**Милен МИЛИВОЈЕВИЌ**

# ШТУРЕЦОТ ЈА ИЗЕДЕ МРАВКАТА

Фашизмот без потреба чука
на вратата. Отворена е.

Преживеаните жртви
ги пречекоруваат овластувањата.

Не можеме да ги спречиме
воените разурнувања.

Дигна раце на себе
и веднаш го стигна казна.

Заринканиот брод не може да потоне.

Засуканите ракави се кратки.

Државата има свој воздушен
простор, па нека се шири!

Давеникот на сите искрено
им подава рака.

Наизменична струја
– час ја има, час ја нема.

Партиите делуваат, караванот поминува.

**Милан БЕШТИЌ**

# ЕПИГРАМИ Стојче ТРАЈКОВСКИ

**ФАТАМОРГАНА**

Денес сонив чуден сон:
Европа ни отвори врата!
Се разбудив во пот.
Па јас сеуште не зедов плата.

**СВЕДМИЛК**

Кравите безмилосно се колат
ги нема од штали да се јават.
Од Собрание со рик не тешат
Воловите млеко ќе даваат.

# И ЗА СВЕЖА КРВ ТРЕБА НЕКОЈ ДА СЕ ЖРТВУВА. **Дукан ЈЕЛЕН**

# АФОГРАН

Ако сексуалноста е религија - тогаш телото е врховниот Бог.
Најголемите емоции се исказани со молчење.
Подобро е краток крај отколку долга увертира.
Острите зборови повеќе им приличат на луѓе со тапи принципи.

**Ѓорги ПАНОВ**




**МАКЕДОНСКИ ОСТЕН**

*Издавач:*
МАКФОРМ - Скопје

*Управител:*
Никола СИМОВСКИ

*Главен и одговорен уредник:*
Васил ТОЛЕВСКИ

*Редакција:*
Миле ЃОРЃИЈОСКИ
Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ
Јордан ПОП ИЛИЕВ

Графички уредник:
Бојан СИМОВСКИ

Адреса на редакцијата:
ул. Знеполе бр. 16, 1060-Скопје
e-mail: makedonskiosten@yahoo.com

Ракописите и карикатурите не се враќаат.


# ОТКАКО РАСКРСТИ СО ГОСПОД, МНОГУ ПОЛЕСНО МУ БЕШЕ ДА РАСЧИСТИ СО ЧОВЕКОТ.

**Георги ХАЏИ-ВАСКОВ**



Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ

## НОВ УСПЕХ НА МАКЕДОНСКАТА КАРИКАТУРА

Во елитниот црноморски туристички центар, Анипо (Русија), заврши интернационалниот фестивал на карикатурата на тема – Археологија и Одмор. На фестивалот учествуваа карикатуристи од 54 земји, а нашиот карикатурист МИРОСЛАВ ГЕОРГИЕВСКИ-МИРО доби специјално признание за својата карикатура. Гран-при на фестивалот го освои Димитар КОНОНОВ (Русија).

***

Нашиот МИРО на Третиот меѓународен фестивал на карикатурата во Даниловград-Црна Гора, ја освои наградата ЖИВКО ЃУРОВИЌ за карикатурист на годината од бившите југословенски простори за карикатури објавувани помеѓу двата фестивали.

Искрени честитки за нашиот МИРО ГЕОРГИЕВСКИ со желба на оваа страница повторно да објавиме ваква вест.



Горан ЌЕЛИЧАНИН

**НАШЕТО ЈАВНО МИСЛЕЊЕ Е ВО ИЛЕГАЛА.**

Атанас КРЛЕВСКИ



Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ



Мирослав ГЕОРГИЕВСКИ

**ЌЕ БИДАМ ИСКРЕН. ЌЕ ВЕ ИЗЛАЖАМ**

Миќо ТУМАРИЌ

**ВЛАДАТА НЕ ОБЈАВИ ВОЈНА НА КРИМИНАЛОТ. И ПОНАТАКА ИНСИСТИРА НА ЗДРАВА КОНКУРЕНЦИЈА.**

Раде ЈОВАНОВИЌ